Australian Government



# РОДИТЕЛИТЕ

## разговараат за изборот на кариера

2011

Како родител, вие играте важна улога да му помогнете на вашето дете да избере образование и да донесува одлуки во врска со идната кариера. Таа улога почнува уште кога вашето дете е мало – додека ве гледа вас и другите околу него како учествувате во работниот живот.

Како што детето расте, вие можете да играте дури и уште поголема улога со тоа што ќе го насочувате развојот на детето во правец на неговата идна кариера и ќе ги поттикнувате неговите надежи, полет, енергија и љубопитност. За тоа е во голема мера потребна добра комуникација.

Оваа книшка ги опишува практичните и корисни начини на кои вие можете да се вклучите во планирањето на кариерата на вашето дете. Во неа се наведени тековни информации за многуте можности што ќе ги има вашето дете кога ќе го заврши училиштето. Таа исто така наведува и корисни места каде што може да се најдат информации и места на интернет.

## Почнете да разговарате

Искористете ги сите прилики за да разговарате со вашето дете во врска со можностите што ги има тоа во врска со неговата иднина. Повеќето млади луѓе реагираат добро на неврзани разговори во врска со нивните кариери, па затоа бидете подготвени кога ќе почнат да поставуваат прашања за животот по завршувањето на училиштето.

Вашето дете веројатно сака да знае како вие сте донесувале одлуки во врска со вашата кариера. Бидете подготвени да му раскажете за вашата сопствена работа и за животните искуства, како и тоа по кои патишта сте стигнале таму каде што сте сега. Тие ќе имаат корист од тоа што ќе дознаат за вашите разни работни места, како сте ги нашле и дали ви се допаѓале. Исто така може да сакаат да слушнат нешто и за искуствата на други членови од семејството и пријатели. Сосема е можно да познавате некој човек што работи на работно место или во област што го интересира вашето дете. Видете дали тој човек е расположен да му раскаже на вашето дете нешто повеќе за својата работа и за нејзините добри и лоши страни.

Исто така треба да имате и подготвени прашања што ќе ги поставите. Прашајте го вашето дете дали размислувало за разните видови на натамошно учење. Дознајте што планираат да направат неговите другари. Прашајте ги дали разговарале со нивниот советник за кариери во училиштето. Прашајте дали знаат други начини да дознаат повеќе за кариерите или дали би сакале да одат на саеми за кариери. Саемите за кариери се одличен начин да ги најдете организациите што се занимаваат со образование и со обука во вашето подрачје и да ги запознаете можните работодатели.

Размислете за искуствата на вашето дете. Дали тоа ви помага во вашиот бизнис? Дали има некое творечко хоби или посебна вештина или дарба што би можеле да се претворат во занимање? Дали се има занимавано со доброволна работа, или пак дали работело повремено или посетувало настава по практична работа во некоја работна организација? Како ги доживува вашето дете тие искуства? Да дознаете што не сака да работи вашето дете може да биде исто толку важно како и да дознаете што сака да работи. Па така, дури и ако не уживало во некое искуство, добро е да поразговарате зошто било тоа така.

Ова можете да го продлабочите и да му помогнете на детето поцелосно да ги разбере своите интереси, што му се допаѓа а што не му се допаѓа, своите силни и слаби страни, вештините, способностите, и тоа што му е нему важно. Погрижете се да разговарате за тоа колку се важни вештините и способностите за добивање работа (погледнете го списокот за проверка на страница 6).

А пред се, поттикнувајте го и поддржувајте го вашето дете. Бидете позитивни во однос на неговите идеи и можности да најде задоволувачка кариера. Ставете му на знаење дека е способна и надарена личност. Таквото родителско влијание може да помогне да се поттикнат самодовербата и созревањето на вашето дете и неговата желба да успее во животот.






## Животни искуства

### Приказната на еден млад човек

Почнав да бегам од часови во основното училиште, и деновите ги минував играјќи си во соседството. Подоцна почнав да цртам графити: го ставав мојот знак насекаде во мојата населба и пошироко во градот. На крајот сосема го напуштив училиштето.

Сигурен сум дека сите си мислеа дека од мене никогаш нема да биде ништо. Мама и тато беа многу несреќни поради моето однесување, ама секогаш беа на моја страна и ме поттикнуваа „да се пронајдам себеси“. Мама, која има голема уметничка дарба, прва сфати дека уметноста и фотографијата ме привлекуваат и дека се добар начин за да се направи спрега меѓу моите способности и енергија. И таа и тато заеднички се трудеа да ми овозможат да се запознаам подобро себеси и да увидам како би ми одговарала кариера во светот на уметноста. Следната година ќе ја добијам мојата универзитетска диплома од факултетот за уметност. Би можел да завршам и порано, ама ова полугодие работам две работи за да си обезбедам постојан приход на пари. Многу сум благодарен што мама и тато никогаш не кренаа раце од мене.

# Можности

Има многу патеки по кои може да се дојде до задоволувачка кариера. Најчестите можности се:

- завршување занает или стажирање
- обучување за кадети
- студирање на колеџите за техничко и понатамошно образование (TAFE)
- студирање на универзитет
- земање една слободна година за да се заработат пари, да се работи доброволна работа и/или да се патува
- почнување бизнис
- вработување.

Добра работа е тоа што изборот на кариера или на образование направен денес не ги ограничува можностите на лицето во иднина. Веќе не е вообичаено или задолжително луѓето да остануваат на истото работно место, па дури ни во истата област на работење во текот на целиот свој живот.

Таквата приспособливост е прекрасна и може да биде извор на големо лично задоволство. За да се извлече најмногу од таа слобода на изборот, секој треба како главна задача да си зададе да учи и да продолжи да учи. Всушност, за да ги прошират своите можности, многу возрасни лица се враќаат на редовно школување за да ги надградат своите квалификации.

Истражувањата покажуваат дека е поголема веројатноста луѓето да најдат работа ако имаат завршено 12. одделение или образование слично на тоа. А исто така е поголема и веројатноста дека тие ќе можат да ги искористат новите избори во кариерата ако продолжат да учат. Денес многу луѓе работат на работни места што не постоеле кога тие првпат почнале да работат.

**Кариера** – Вкупната платена и неплатена работа, учење и животни улоги што ги имате во текот на вашиот живот.

**Вработување** – Место каде што извршувате задачи за плата.

Ајде сега да ги разгледаме од поблизу најчестите патишта.

## Занает и стажирање

**Стручно образование и обука (Vocational Education and Training - VET)** во училиштата им овозможува на учениците да ги комбинираат стручните предмети со своите други предмети. Тоа е одличен начин за да научат младите луѓе за можните кариери и за да стекнат корисни вештини и способности, а притоа да ги зачуваат отворени своите можности да продолжат со натамошна обука и/или образование.

**Изучување на занает или занимање на работното место во Австралија (Australian Apprenticeships)** нуди практично работно искуство и признаена обука во повеќе од 500 занимања. Лицата што учат на овој начин стекнуваат нови вештини и способности, тоа за нив може да претставува одличен почеток на интересна кариера, и заработуваат плата – а сето тоа во исто време.

**Практично изучување на занает или занимање во училиштата во Австралија (Australian School-based Apprenticeships)** им дава на младите луѓе предност во кариерата што ја одбрале. Учениците заработуваат плата додека истовремено работат и учат.

Погледнете на **www.australianapprenticeships.gov.au** за повеќе информации.

**Центрите за занаетчиска обука (Trade Training Centres)** се формирани во училиштата низ цела Австралија за да имаат учениците поголем пристап до врвно квалитетно школување поврзано со занаетот и до простории за обука што ги задоволуваат стандардите во таа област. Дознајте што прави училиштето на вашето дете во тој поглед.

## Почнете кадетска обука

Обуката за кадети може да биде одлична можност за почнување на кариера, особено во занимања како што се финансиите, инженерството и новинарството. Општо земено, стажирањето овозможува стекнување на работно искуство и финансиски приход, при што стажантите комбинирано работат и учат во текот на неколку години. Погледнете во делот насловен Факти (The Facts) на местото на интернет **myfuture.edu.au** за информации за специфични кадетски обуки. Притиснете на Дипломи (Awards) и на Стипендии (Scholarships), а потоа барајте Кадетски обуки (Cadetships).



Ширум цела Австралија, колеџите TAFE и други организации за обука нудат низа разновидни практични курсеви поврзани со работата. Учениците можат да добијат квалификации што се признаени во цела Австралија во многу разни области како што се воздухопловство, нега на постари лица, кардио-технологија, служби и услуги за деца, автомеханичарство, наука за земјата, фризерство, водоинсталатерство, нега на болни и многу други.

Погледнете на **www.training.com.au** за повеќе информации, или посетете го вашиот локален колеџ TAFE. Повеќето колеџи TAFE имаат служби за советување во врска со кариерата.

**Работа** – Збир од активности со планиран збир од резултати. Може да вклучува родителска работа или доброволна работа, како и платено вработување.

## Универзитет

Околу 40 проценти од учениците од училиште одат директно на универзитет. Тоа е голем чекор што често значи и селење од дома. Важно е учениците да дознаат кои курсеви се нудат и каде се нудат, како и за условите за запишување на секој курс.

Погледнете на **www.goingtouni.gov.au** за повеќе информации.

## Слободна година

Некои млади луѓе одбираат да земат една слободна година пред да продолжат со натамошно учење или обука. Таа слободна година им дава можност да патуваат, да научат јазик, да се занимаваат со некој спорт или слободна активност, да заработат пари, да стекнат некоја нова вештина или способност, да работат како доброволци, или едноставно да размислат што сакаат да прават во иднина.

Многу организации во заедницата во својата работа се потпираат на доброволци, а слободната година мината на ваков начин може да обезбеди корисни нови вештини и способности и солидно работно искуство.

Посетете го **www.govolunteer.com.au** за можностите за доброволна работа во вашето подрачје.

Австралиските одбранбени сили (Australian Defence Force) исто така имаат програма за слободна година за оние што сакаат да дознаат повеќе за тоа како работат војската и воената морнарица.

Погледнете на **www.defencejobs.gov.au/education/gapYear** за повеќе информации.

## Почнување бизнис

Претприемчивите млади луѓе понекогаш почнуваат кариера со почнување бизнис. На располагање им стојат програми и обука што може да им помогнат да развијат иновативни идеи и да ги зголемат своите деловни вештини и способности.

Појдете на **www.business.gov.au** и на **www.enya.org.au** за информации што ќе му помогнат на вашето дете да почне сопствен бизнис.

## Вработување

Некои млади луѓе одлучуваат веднаш да се вработат откако ќе го завршат училиштето. Може да биде полесно да се најде прво вработување ако лицето што бара работа знае нешто повеќе за пазарот на работна сила, за вештините и способностите што се бараат, за разните индустрии, занимања, приходи и изгледи што ги нуди работата. Запомнете, многу работни места не се огласуваат, па така она што ќе го чуете од други луѓе и локалното знаење може да одиграат голема улога во наоѓањето работа.

Погледнете на **www.joboutlook.gov.au** за повеќе информации.

**Занимање** – Група слични работи што може да се најдат во разни индустрии или организации.

## Порастот на вработеноста во Австралија

Во текот на наредните три до четири години се очекува најголем пораст на вработеноста во Австралија да има во областа на здравствената нега и на социјалната помош; образованието и обуката; како и во земјоделството, шумарството и рибарството.

Приличен пораст на вработеноста се очекува и во сите други индустрии. Тие се: уметности и услуги за рекреација; услуги за сместување и исхрана; професионални, научни и технички услуги; превоз, поштенски услуги и складирање; малопродажба; услуги за снабдување со електрична енергија, гас, вода, услуги за собирање на ѓубрето; како и административни и услуги за поддршка.

## Законот за школувањето

Австралискиот закон вели дека сите млади луѓе мораат да одат во училиште (или во некоја друга соодветна одобрена организација) додека да завршат 10. одделение. Потоа мораат да продолжат со редовно (најмалку 25 часа неделно) образование, обука и/или вработување се додека да наполнат 17 години.

Ова барање произлегува од Спогодбата со младите Австралијци (Compact with Young Australians) што е прифатена во целата држава. Прочитајте повеќе за спогодбата на **www.deewr.gov.au/compactwithyoungaustralians**.

## Клучни извори на информации за планирање што можат да се најдат на интернет

Следуваат четири клучни извори на информации што може да се најдат на интернет и што ќе ви помогнат вам и на вашето дете подобро да ги разберете можностите за избор на кариера и патиштата до неа што постојат денес во Австралија. Посетете ги тие места на интернет заедно или посебно – а потоа одвојте време да разговарате за изборите и можностите што се опишани таму.

## Плакати со занимања (Bullseye Posters)

Bullseye posters се одличен начин да започнете разговор со вашето дете за школските предмети што му се допаѓаат и во кои тоа е добро, и за работните места до кои тие предмети би можеле да го одведат. Плакатите опфаќаат повеќе од 30 разни предмети и наведуваат стотици занимања поврзани со секој предмет. Владата на Австралија (Australian Government) ги изработува овие плакати, а тие може бесплатно да се добијат од **www.deewr.gov.au/bullseye**.

## Водач за работни места (Job Guide)

Job Guide содржи детални информации за околу 500 занимања на почетничко ниво. Тој особено објаснува какво образование и обука се потребни за да се стигне до секое од тие работни места. Тоа може да им помогне на младите луѓе да утврдат кои работни места би можеле да им одговараат. Водачот исто така има и речник што ги објаснува корисните зборови и изрази. Job Guide се изработува секоја година и им се дели бесплатно на сите ученици од 10. одделение. Исто така можете да дојдете до него и преку вашиот мобилен телефон, а и преку интернет на **www.jobguide.deewr.gov.au**.

## 12. одделение – што потоа? (Year 12 – what next?)

Ова место на интернет им помага на учениците од 12. одделение да го испланираат својот живот по завршувањето на училиштето. Тоа содржи детални информации за можностите, како што се учењето занает, TAFE, универзитет, вработување, доброволна работа, па дури и почнување на мал бизнис. Таму исто така може да се види каде може да се најдат тие работни места и кои вештини се бараат. Посетете го **www.year12whatnext.gov.au**.

## Место на интернет myfuture

На местото на интернет myfuture на едно место може да се најдат сите информации во врска со кариерата. Тој е интерактивен извор, со алатки и информации што им овозможуваат на луѓето да ги истражуваат патеките што водат до некоја кариера и можностите што ги нуди таа. Има сеопфатни информации за занимањата, курсевите, пазарите на работна сила во државата, совети за наоѓање работа, и многу други работи. Делот за родители содржи совети како можете да го поддржите и поттикнете вашето дете додека тоа ја планира својата иднина. Погледнете на **www.myfuture.edu.au**.

## Centrelink

The Australian Government, преку Centrelink, нуди финансиска поддршка и помош во кариерата за млади луѓе што студираат, се обучуваат или учествуваат во програмата Australian Apprenticeship, или кои бараат работа.

**Корисни вештини и способности –** Работодателите секогаш бараат „нешто повеќе" во своите вработени. Тоа „нешто" обично е нешто над техничките вештини и способности што се потребни за извршување на работата, и ги вклучува работите познати како „вештини за вработување".

Работодателите ни кажаа кои се нивните осум главни вештини за вработување.

Тоа се – комуникација, тимска работа, решавање на проблеми, иницијатива и претприемчивост, планирање и организирање, самоорганизираност, учење и технологија.

## Финансиска поддршка

Финансиска поддршка може да се добие во вид на Додаток за млади (Youth Allowance), Австралиска студентска стипендија (Austudy), Австралиска студентска стипендија за лица од абориџинско потекло (ABSTUDY) и Помош за изолирани деца (Assistance for Isolated Children). Програмата за кредитирање за високо образование (The Higher Education Loan Program - HELP) ги опфаќа HECS-HELP, FEE-HELP, OS-HELP и VET FEE-HELP. Овие програми даваат кредити за плаќање на школарината за да им помогнат на студентите во високото образование и во стручното образование што ги исполнуваат условите. Постојат разни услови што треба да се исполнат за добивање на овие кредити.

Погледнете на **www.centrelink.gov.au** за повеќе информации.

VET FEE-HELP им помага на студентите што ги исполнуваат условите да ја платат целата школарина и за одредени курсеви за стручно образование и обука што ги потпомага државата и да ги платат школарините. За да ги исполнуваат условите, студентите мора да се запишани на курс за кој се добива одобрен VET степен (VET-accredited diploma), виш степен (advanced diploma), уверение (graduate certificate) или универзитетска диплома (graduate diploma), а што се одржуваат од страна на регистрирани организации за обука (Registered Training Organisations) на кои им е одобрено да им нудат таква помош на своите студенти.

Погледнете на **www.deewr.gov.au/vetfeehelp** за повеќе информации, вклучувајќи и список на сите одобрени организации, или јавете се на информативната телефонска линија на VET FEE-HELP на **13 38 73**.

## Информативни центри за кариерата (Career Information Centres)

Centrelink има 12 Career Information Centres ширум целата земја. Нивните услуги им стојат на располагање на сите Австралиски жители, вклучувајќи ги младите луѓе, што сакаат да најдат или да сменат работа. Персоналот може да му помогне на вашето дете да донесе информирани одлуки во врска со можностите за образование, обука и вработување. Најдете ја локацијата на вашиот најблизок центар на **www.centrelink.gov.au/internet/internet.nsf/services/career_centres.htm**.

## Клучни извори на информации за развивање на кариерата

Еве два клучни извори на информации на интернет што се занимаваат особено со развивање на кариерата во Австралија.

- **www.deewr.gov.au/careerdevelopment** нуди бесплатни извори на информации за луѓето што работат во индустријата за развивање на кариерата.
- Модулот 1 од Австралиските студии за развивање на кариерата (Australian Career Development Studies) е наменет за родителите и за други лица што сакаат да им помогнат на децата да изберат кариера. Погледнете на **www.career.edu.au**.

## Повеќе информации

- Посетете го **www.deewr.gov.au/accessprogram** за информации околу програмата за изучување занает (Australian Apprenticeships Access Program). Оваа програма им помага на оние на кои им е особено тешко да најдат стручна работа вклучувајќи предобука што е признаена ширум целата држава.
- Погледнете на **www.grouptraining.com.au** за повеќе информации за учење занаети и стажирања.
- Погледнете на **www.ics.deewr.gov.au** за информации за домородните Австралијци (Indigenous Australians) што се надеваат да се обучуваат за кадети.
- Погледнете на **www.ntis.gov.au** за сеопфатен именик на австралиските курсеви, квалификации, способности, пакети за обука и Registered Training Organisations.
- Погледнете на **www.skillsinfo.gov.au** за сеопфатни податоци за тоа што моментно најмногу се бара при вработувањето и за изгледите на разните индустрии во Австралија. Исто така има и информации за пазарот на работна сила, каде има најмногу слободни места, кои вештини и способности недостигаат, за вработување во внатрешноста, како и за образование и обука.

# Најважните пет клучни работи во **развивањето на кариерата**

## 1. Промената е **постојана**

Сфатете дека светот околу вас постојано се менува. Бидете отворени спрема промените и бидете постојано подготвени да ги искористите новите можности.

## 2. Учењето е **тековно**

Стремете се кон постојано лично подобрување. Останете поттикнати учејќи нови вештини и способности и развивајќи нови дарби.

## 3. Сосредоточете се на **патот**

Немојте да се сосредоточувате само на крајната цел. Сфатете дека патот на вашата кариера ќе трае целиот ваш живот. Ценете ги и вреднувајте ги сите искуства што ќе ги стекнете патем.

## 4. Познавајте се себеси, верувајте во себе и следете го своето **срце**

Следете ја својата страст за да најдете исполнување. Откријте начини да ги комбинирате вашите интереси со можностите за градење кариера.

## 5. Користете ги вашите **сојузници**

Потпрете се на поддршката од вашето семејство, пријатели, ментори, колеги и врсници. До успешна кариера може да се стигне со тимски напор.

B10_0814